**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог закон за прогласување на Интегралната целина Острово за споменик на природата |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | м-р Александар Настов, раководител на Одделение за биодиверзитет, Сектор природа, Управа за животна средина |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 30 Септември 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | ЕУ Директива за заштита на диви птици,<br>ЕУ Директива за природни живеалишта, флора и фауна |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронски регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?
    - загрозување на вегетациските и зоолошките вредности на подрачјето
    - исполнување на обврските од Законот за заштита на природата

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   ***Опција 1:*** Не прави ништо.

   ***Опција 2:*** Донесување на Законот за прогласување на Интегралната Целина Острово, Трубарево за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата и определување на Шумарскиот Факултет- Скопје, Шумско-опитна станица Трубарево да управува со заштитеното подрачје.

   ***Опција 3:*** Донесување на Законот за прогласување на Интегралната Целина Острово, Трубарево за заштитено подрачје и определување на приватен субјект за управување со заштитеното подрачје.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   А. Органи на државната и локалната власт:
    - Министерство за животна средина и просторно планирање,
    - Министерство за образование и наука,
    - Општина Гази Баба- Скопје,
    - Собрание на Град Скопје.

Б. Јавноста:

- граѓаните,
- НВО,
- Медиуми.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   - степен на загрозеност на вегетациските заедници и видовиот диверзитет на Интегралната целина Острово- Трубарево (Елаборат)

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   - Финална студија за изградба на Пречистителна станица за третман на комунални отпадни води од град Скопје (лоцирана во близина на заштитеното подрачје),
   - Проект за изградба на пристапен пат и друга инфраструктура до Пречистителната станица- Трубарево.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   - За овој предлог закон ќе се спроведува иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   Нема да се формира меѓуресорска работна група.